Citadel Plus

CE 2797

Потребни додатоци:

- Заштитна облека
- Неутрален детергент
- Натриум дихлороизоцијанурат (NaDCC) до 1 000 ppm (0,1%) на достапниот хлор
- Натриум дихлороизоцијанурат (NaDCC) до 10 000 ppm (1%) на достапниот хлор
- Топла вода
- Облека за еднократна употреба
- Хартиени крпи за еднократна употреба

Креветот треба да се чисти и дезинфицира на неделно ниво и пред нов пациент да го користи креветот.

Чистење и дезинфекција меѓу секој пациент

Чистење

1. Извадете ги душекот и сите додатоци од креветот.
2. Извадете ги плочите за заглавјето, подножјето и чаршафите од платформата на душекот од креветот.
3. Исчистете ги сите површини со крпа за еднократна употреба, натопена со вода и неутрален детергент.
   Започнете со горните делови од креветот и работете по должината на сите хоризонтални површини.
   Работете плански кон долните делови на креветот, а тркалцата исчистете ги последни.
4. Избришете со нова крпа за еднократна употреба натопена со вода, и исушете со хартиени крпи за еднократна употреба.
5. Дозволете да се исушат исчистените делови.

Дезинфекција

6. По чистење на креветот, избришете ги сите површини со натриум дихлороизоцијанурат (NaDCC) во концентрација од 1000 делови на милион (0,1%) на достапниот хлор.
   Во случај на собирање на телесните течности, на пр. крв, концентрацијата на NaDCC треба да се зголеми на 10.000 делови на милион (1%) на достапниот хлор.
7. Пребришете со друга крпа за еднократна употреба натопена во чиста вода и избришете со хартиени крпи за еднократна употреба.
8. Вратете го душекот на креветот.

arjo
with people in mind

Секојдневно чистење

Секојдневната нега и чистење се состојат од бришење на сите површини и странични шини.

1. Следете ги упатствата за грижа и чистење на конкретната површина за поддршка на пациент што се користи.
2. Тргнете го пациентот од креветот пред чистењето, ако е возможно.
3. Исклучете го баријатрискиот кревет Citadel Plus Care System од ѕидниот штекер.
4. Проверете дали на кабелот за напојување има знаци на истрошеност или оштетување. Со баријатрискиот кревет Citadel Plus Care System не треба да се ракува кога кабелот за напојување е истрошен или оштетен. Контактирајте со Arjo доколку забележите оштетување.
5. Избришете ги површините со крпа натопена со топла вода со сапуница или одобрено болничко средство за дезинфекција.
6. Исплакнете со крпа натопена со чиста вода.
7. Дозволете сите составни делови целосно да се исушат пред да ги вратите во употреба.
8. Проверете дали има оштетување на сите делови пред да ги вратите во употреба. По потреба, контактирајте со Arjo за сервис или замена.
9. Вклучете го баријатрискиот кревет Citadel Plus Care System во ѕидниот штекер и прилагодете ги поставките.